**20192543958**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 244/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/19 и 232/19) во делот I, износот „782.383.000“ се заменува со износот „849.523.000“, а износот „480.903.000“ се заменува со износот „548.043.000“.

II

Во делот II став (1) износот „691.153.000“ се заменува со износот „750.843.000“.

Табелата се менува и гласи:

„

| МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Код на мерка** | **Дел** | **НАЗИВ НА МЕРКА** | **ИЗНОС (во денари)** |
| **112** | **I** | **Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност** | **69.300.000** |
| **113** | **II** | **Поддршка за поттикнување на земјоделско производство** | **500.000** |
| **115** | **III** | **Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство** | **500.000** |
| **121** | **IV** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** | **25.100.000** |
| | | набавка на добиток (121.1) | 9.000.000 |
| | | подигнување на нови насади (121.2) | 15.500.000 |
| | | набавка на пчелни матици и пчелни роеви (121.3) | 200.000 |
| | | набавка на трактори (121.4) | 300.000 |
| | | набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода (121.5) | 100.000 |
| **123** | **VI** | **Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи** | **3.500.000** |
| **124** | **VII** | **Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди** | **367.143.000** |
| | | капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура (124.1) | 366.943.000 |
| | | останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.2) | 50.000 |
| | | инвестиции за пасишта во државна сопственост (124.3) | 50.000 |
| | | пристап до земјоделско земјиште (124.4) | 100.000 |
| **131** | **IX** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** | **2.000.000** |
| **211** | **X** | **Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)** | **89.000.000** |
| **213** | **XI** | **Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики** | **14.000.000** |
| **214** | **XII** | **Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина** | **11.050.000** |
| | | воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток (214.2) | 6.000.000 |
| | | зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче-овчарско куче шарпланинец и бивол - домашен бивол (214.3) | 5.050.000 |
| **215** | **XIII** | **Органско производство** | **90.750.000** |
| **321** | **XIV** | **Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини** | **40.000.000** |
| **322** | **XV** | **Обнова и развој на селата** | **15.000.000** |
| **323** | **XVI** | **Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја** | **19.000.000** |
| **412** | **XVII** | **Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)** | **1.000.000** |
| **413** | **XVIII** | **Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини** | **3.000.000** |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | | **750.843.000** |

“

Во ставот (2) износот „90.447.617“ се заменува со износот „97.830.477“.

Табелата се менува и гласи:

"

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој** | **95.675.000** |
| 1.1 | **Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во и вон Република Северна Македонија** | **60.000.000** |
| 1.2 | **Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Северна Македонија** | |
| 1.3 | **Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи** | **1.000.000** |
| | трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал | 1.000.000 |
| 1.4 | **Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија** | **2.800.000** |
| 1.5 | **Спроведување на истражувања, изработка на анализи, Предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој** | **3.925.000** |
| 1.7 | **Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** | **27.950.000** |
| 2 | **Субвенционирање на каматна стапка** | **2.155.477** |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **97.830.477** |

Во ставот (3) износот „782.383“ се заменува со износот „849.523“.

III

По делот III се додава нов дел III-а кој гласи:

„ III-а

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство“ од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска помош согласно член 67- а од Законот за земјоделство и руралниот развој за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Поддршката од ставот (1) од овој дел, се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрување на поддршката.

(3) Висината на поддршката од ставот (1) од овој дел, може да изнесува до 1.200.000 денари и се исплаќа согласно со фазите на реализација на инвестицијата на годишно ниво во најмногу три рати.

(4) Поддршката од ставот (1) од овој дел, се доделува на семејни земјоделски стопанства кои не користеле поддршка согласно член 67 од Законот за земјоделство и рурален развој.“.

IV

Во делот VI во ставот (5) износот „25.200.000“ се заменува со износот „25.100.000“.

V

Во делот VIII износот „8.500.000“ се заменува со износот „3.500.000“.

VI

Во делот IX во ставот (9) износот „336.362.164,00“ се заменува со износот „364.022.164“.

VII

Во делот XI во ставот (5) износот „5.000.000“ се заменува со износот „2.000.000“.

VIII

Во делот XII во ставот (2) износот „90.500.000“ се заменува со износот „89.000.000“.

IX

Во делот XIII во ставот (6) износот „15.000.000,00“ се заменува со износот „14.000.000“.

X

Во делот XIV во ставот (3) износот „5.000.000,00“ се заменува со износот „5.050.000“.

XI

Во делот XVIII износот „18.000.000“ се заменува со износот „19.000.000“.

XII

Во делот XXI во ставот (9) износот „3.800.000,00“ се заменува со износот „2.800.000“.
Во ставот (11) износот „4.000.000,00“ се заменува со износот „3.925.000“.
Во ставот (14) износот „15.500.000“ се заменува со износот „10.500.000“.

XIII

Во делот XXII во ставот (2) износот „3.500.000,00“ се заменува со износот „2.147.617“.

XIV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9938/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.